СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1389/1
07.11 2018 год
СКОПЈЕ

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

Арх. знак 0302
Рок на чување 15
07.11 2018 год
Потпис,

ул.Антон Попов бр.1/4-5 Скопје

(02) 3246 851 3246 852

06.11.2018 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: -7. 11. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| | | | |

**Прима :**

**Фонд за здравствено осигурување на РМ**

**Директори :**

**- Г. Ден Дончев**

**- Г. Орхан Рамадани**

**-Правен сектор**

**Предмет:** Нацрт - текстот на Договорот за обезбедување и плаќање на здравствени услуги во примарна стоматолошка заштита испратен од ФЗОМ до Стоматолошка комора на Македонија за 2019 година

По разгледување на нацрт - текстот или теркот на Договорот за обезбедување и плаќање на здравствени услуги во примарна стоматолошка заштита испратен од ФЗОМ до Стоматолошка комора на Македонија во регионални одбори и собири , како и други органи и тела на Комората, СЕКАДЕ доминира револт од односот на ФЗОМ кон стоматолозите и кон СКМ.

Од сите регионални одбори стигнува една генерална забелешка и заклучок дека овој Договор е нецелосно дефиниран, дека не е составен во духот на позитивни партнерски и деловни односи помеѓу докторите по стоматологија како даватели на услуги и Фондот, како побарувач на услуги во име на осигурениците во Македонија и дека треба да се отфрли како незаконски и неприфатлив.

Имено, сметаме дека Договорот има нелогичности и воглавно содржи делови кои не одговараат на стоматолошката дејност, а има и делови кои едноставно се неприменливи во која било здравствена установа. Поголемиот дел од содржината на Договорот се однесува на неприменливи за стоматолошка дејност обврски и **казни исклучиво за** докторите во приватните здравствените установи како и самите приватни здравствени установи , којшто ,,казнувачки'' пристап не оди во прилог на пружање на современа стоматолошка заштита, ниту соодветствува на нивото на кое треба да се третира стоматолошката професија и докторите како хумани работници во Република Македонија.

Поради тоа, како Стоматолошка комора на Македонија , сметаме дека за Договорот треба и мора да се разговара и договара ( а и самиот збор „договор„ кажува дека истиот треба да е усогласен помеѓу најмалку две страни), со целосно поинаков пристап, анализа и основа во која ќе бидат земени предвид многу фактори.

Затоа, како Стоматолошка комора на Македонија предлагаме и повторно бараме итна средба на која ова прашање кое при нормална комуникација би требало да е само од техничка природа и кое

би требало се затвори најбргу што може, затоа што сметаме дека пред Вас и нас стојат многу поважни и многу поприоритетни проблеми како за докторите стоматолози , така и за осигурениците во Македонија, међу кои :

- висина на капитациониот бод ( неразумно намален 2008 година),

-ревизија на услугите од 2005 година ( кавалитативна и квантитативна) и цените (од 2008 година),

-решение за се поголемиот број на иселени лица од државата,

-решение за прашањето чии се пациентите (на ПЗУ или на стоматологот),

-решение за оние пациенти кои уплатат придонеси на неколку дена додека не си ги санираат забите, а потоа пак со месеци и години се неактивни и, уште многу други поважни или помалку важни прашања од кои за некои постојано Ви доставуваме допис, а нема одговор.
Минатата недела повторно Ви пративме допис на кој, за жал, не најдовте време ниту да одговорите , но тоа не значи дека ние како Комора ќе дозволиме прашањата кои заслужуваат одговор да останат неодговорени од Ваша страна.
Поради тоа, ние како СКМ ќе се потрудиме согласно законските прописи, акти на Комора и одлуки на органи и тела на Комората да дојдеме до тие одговори, застапувајќи ги интересите на стоматолошката фела и преку интензивни преговори да дојдеме до изнаоѓање на конечно решение кое ќе биде достојно и ќе ги реши долгогодишните проблеми за подобра иднина на нашите членови.

**Стоматолошка комора на Македонија**

**Претседател**

**Д-р Маријан Денковски**

Стоматолошка комора на Македонија СКОПЈЕ